Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 52-1213/5
19-03-2025 20 год.-vit
Skopje-Shkup

Друштво за маркетинг и консалтинг
МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ
Бр. 0307-05-025
19.03 2025 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
за набавка на услуги

склучен помеѓу

1. Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, со седиште на бул. „Илинден" бр. 2 Скопје, претставувана и застапувана од Игор Јанушев, Генерален секретар (во понатамошниот текст: Договорен орган) и

2. Друштво за маркетинг и консалтинг МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 1-2/55, Скопје, со ЕМБС 5511038, со даночен број 4030001410971, претставувано и застапувано од Николина Стојановска, одговорно лице (во понатамошниот текст Носител на набавката).

## I. Предмет на договорот

### Член 1

(1) Предмет на овој договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу Владата на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, од една страна, како Договорен орган и Друштво за маркетинг и консалтинг МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ Скопје, од друга страна, како Носител на набавката, кои произлегуваат од спроведена отворена постапка за јавна набавка на услуги – истражување на јавно мислење.

(2) Договорот се склучува врз основа на спроведена постапка за набавка на услуги – истражување на јавно мислење, објавена на страната на ЕСЈН со оглас за јавна набавка број 01060/2025, а согласно Одлука за јавна набавка со архивски број 52-1213/2 од 30.1.2025 година и со евидентен број 05-2025-01060/01/1 од 30.1.2025 година, Одлука за избор на најповолна понуда со архивски број 52-1213/4 од 06.3.2025 година и доставената понуда на носителот на набавката која е прифатена како најповолна според критериумите за доделување на договорот со евидентен број 05-2025-01060/16/1 од 28.2.2025.

## II. Вредност на договорот

### Член 2

(1) Вкупната вредност на услугите изнесува 19.371.156,00 денари (деветнаесет милиони триста седумдесет и една илјада сто педесет и шест денари), без ДДВ, односно

22.857.964,00 денари (дваесет и две милиони осумстотини педесет и седум илјади деветстотини шеесет и четири денари) со пресметан 18% ДДВ

(2) Носителот на набавката е должен да го реализира договорот согласно описот од техничката и финансиската понуда, составен дел на понудата на носителот на набавката, која е дадена во прилог на овој договор.

(3) Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

(4) Договорот за јавна набавка ќе се реализира во обем и динамика во зависност од потребите на Договорниот орган, при што договорниот орган го задржува правото да не го искористи во целост.

(5) Договорниот орган го задржува правото барањата за реализација на истражувањата да ги врши сукцесивно според сопствените потреби до исцрпување на средствата предвидени во проценетата вредност на договорот или до истекот на рокот на важност на договорот.

III. Начин и рок на плаќање

Член 3

Договорниот орган плаќањето ќе го изврши по доставување на комплетна финансиска документација за исплата (фактура и извештај за извршената услуга) во рок од 60 дена од приемот на истата во архивата на Владата на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат.

IV. Времетраење на договорот

Член 4

Договорот за јавна набавка ќе биде со времетраење до целосно исцрпување на средствата предвидени во член 2 став 1 од овој договор, но не подолго од 2 (две) години од денот на неговото склучување.

V. Права и обврски на договорните страни

Член 5

(1) Носителот на набавката е должен услугата да ја реализира во период од 24 месеци, согласно барањата во техничките спецификации и потребите на договорниот орган.

(2) Носителот на набавката е должен да изврши:

- Осмислување и реализација на едно почетно истражување на национален репрезентативен примерок, за почетна (baseline) проверка на јавното мислење за квалитетот на владините политики и ефикасноста во нивното спроведување.

- Осмислување и реализација на 8 квартални квантитативни истражувања, по едно истражување на секои три месеци во рамки на времетраењето на договорот во период од 24 месеци. Примерокот во секое од истражувањата треба да биде национален репрезентативен најмалку според демографските карактеристики пол, возраст, регион, и етничка припадност.

- Осмислување и реализација на 8 квантитативни истражувања на ставовите, очекувањата и мислењето на бизнис секторот, на репрезентативен примерок според географска распространетост, големина на компанијата и дејност во која работи според НКД2.

- Осмислување и реализација на 2 квалитативно истражување со методот фокус групи со граѓани. Секое истражување треба да вклучи најмалку по три фокус групи, од секој статистички регион, односно вкупно 24 фокус групи во секое од квалитативните истражувања.

- Осмислување и реализација на 2 брзи онлајн истражувања на национално репрезентативен примерок кои ќе послужат за добивање на слика за ставовите и перцепцијата на јавноста во однос на одредени владини мерки и одлуки.

(3) Носителот на набавката, после секое истражување, е должен да достави:

1. Печатена форма на извештај од истражувањето изработен во формат на powerpoint презентација, која ќе содржи детален опис на елементите на методологијата со која е спроведено истражувањето, графички приказ на резултатите за секое истражувано прашање и крос-табулации по сите социодемографски карактеристики, и други крос-табулации индикативни за главните наоди на истражувањето,

2. Целосна база од истражувањето без лични или заштитени податоци согласно Закон, во електронска форма, во некој од стандардните формати (SPSS, dBaseIII >, SQL. .xls, json, и слично).

Член 6

Договорниот орган се обврзува да ја исплати цената за извршената услуга согласно дадената понуда и листата на цени кои се прилог на овој договор.

Член 7

Договорниот орган веднаш по склучувањето на договорот, ќе определи лице за комуникација, следење и реализација на договорот. Одговорното лице за реализација на договорот ќе ги потврдува извршените услуги согласно доставената понуда.

VI. Квантитативна и квалитативна контрола

Член 8

Во текот на реализација на договорот, квантитетот и квалитетот на реализираните услуги се утврдуваат со записник потпишан од двете договорни страни.

Член 9

(1) Договорниот орган има право, веднаш да го извести Носителот на набавката доколку открие видливи недостатоци во реализацијата на договорот.

(2) Доколку по извршената услуга, Договорниот орган открие недостаток што не можел да го открие при реализацијата има право за тоа да го извести Носителот на набавката и веднаш да постапи по истиот.

(3) Доколку Носителот на набавката не ја исполни договорената услуга - предмет на овој договор во определениот рок од претходниот став на овој член, Договорниот орган има право да не изврши исплата на доставената фактура и утврдената цена на договорот.

VII. Договорна казна

Член 10

Двете страни се согласни доколку Носителот на набавката не ги исполни обврските согласно доставеното барање, да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 5% од вкупната вредност на договорот.

VIII. Раскинување на договорот

Член 11

(1) Во случај на неисполнување на обврските на едната страна согласно одредбите на овој договор како и согласно прифатената понуда и техничката спецификација, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

(2) Доколку едната страна го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 2 (два) дена од денот на констатирањето на непочитување на одредбите од овој договор.

(3) Доколку Носителот на набавката не ги исполни преземените обврски согласно договорот и согласно техничката спецификација и прифатената понуда, Договорниот орган ќе го извести Носителот на набавката дека го раскинува договорот.

(4) Договорот може да биде раскинат и во случај доколку Носителот на набавката не ги исполни обврските во роковите предвидени во овој договор.

(5) Во сите случаи на раскинување на договорот од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести настанатата штета на Договорниот орган.

(6) Двете страни се согласија дека во случај на еднострано раскинување на овој договор од страна на Носителот на набавката или неисполнување на неговите обврски, Договорниот орган има право на надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на овој договор како и надомест на штета.

## IX. Виша сила

### Член 12

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

(2) Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.)

(3) Виша сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските на договорот.

(4) Ако една од двете страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

(5) За времетраење на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

(6) Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување, односно за престанокот на дејството на виша сила.

(7) По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## X. Завршни одредби

### Член 13

(1) Измени и дополнувања на овој договор, во текот на неговата важност може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни во писмена форма, во согласност со член 119 од Законот за јавни набавки.

(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

(3) Договор може да се изменува и дополнува со Анекс, потпишан од овластените претставници на двете страни, единствено во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

(4) Составен дел на овој договор се техничката спецификација и понудата на Носителот на набавката.

Член 14

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежен суд во Скопје.

Член 15

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки, Законот за заштита на личните податоци и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Член 16

Овој договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Подготвил: Димитар Цеков раководител на одделение
Контролирала: Оливера К.Кипровска , помошник раководител на сектор
Согласна: Орхидеја Ѓорговска, државен советник
Одобрил: Ѓорѓе Милошевиќ, посебен советник

| Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат | Друштво за маркетинг и консалтинг МАРКЕТ ВИСИОН ДООЕЛ Скопје |
|---|---|
| Игор Јанушев , генерален секретар на Влада на Република Северна Македонија | Николина Стојановска, одговорно лице |

Листа на цени

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Количина | Мерка | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ (2*4) | ДДВ за единечна цена |
| Осмислување и реализација на почетно истражување на јавното мислење | 1 | истражување | 1.143.900 | 1.143.900 | 205.902 |
| Осмислување и реализација на квартални квантитативни истражувања на јавното мислење | 8 | истражувања | 1.143.900 | 9.151.200 | 205.902 |
| Осмислување и реализација на квантитативни истражувања на ставовите и мислењето на бизнис секторот | 8 | истражувања | 714.240 | 5.713.920 | 128.563 |
| Осмислување и реализација на квалитативно истражување | 2 | истражувања | 1.284.144 | 2.568.288 | 231.146 |
| Осмислување и реализација на брзи онлајн квантитативни истражувања на јавното мислење | 2 | истражувања | 396.924 | 793.848 | 71.446 |
| Вкупно | | | | 19.371.156 | |